„Никој од вас нека не вели: ‚Аллаху мој, прости ми ако сакаш; смилувај ми се ако сакаш; дарувај ме ако сакаш‘, туку нека биде решителен во своето барање, бидејќи Аллах го прави она што сака и никој не може да Го принуди.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Никој од вас нека не вели: ‚Аллаху мој, прости ми ако сакаш; смилувај ми се ако сакаш; дарувај ме ако сакаш‘, туку нека биде решителен во своето барање, бидејќи Аллах го прави она што сака и никој не може да Го принуди.“ А во верзијата кај Муслим стои: „Туку нека бара решително и нека ја зголеми својата желба, затоа што ништо не е преголемо за Аллах да го даде.“

[متفق عليه] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, забранил довата да се поврзува со нешто, дури и со Аллаховата волја, бидејќи е познато и сигурно дека Тој не простува освен со Негова волја. Затоа нема смисла таа да се условува, бидејќи условувањето важи само кај оној од кого е можно нешто да се добие без негова волја – под присила или слично – а Возвишениот Аллах е чист од сето тоа. Ова Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, јасно го појаснил на крајот од хадисот со зборовите: „Затоа што Него никој не може да Го присили.“ Исто така, ништо не е преголемо за Аллах за да го даде – Тој не е немоќен, ниту нешто Му е тешко – па да се каже: „Ако сакаш“. Условувањето со „ако сакаш“ претставува еден вид независност од Неговото простување. Зашто изразот: „Ако сакаш, дај ми го тоа и тоа“ се користи само со оној од кого не си во потреба или со оној што не може да ти даде. А кога станува збор за Оној Кој е Семоќен, и од Кого си во крајна потреба, тогаш треба да се бара со решителност – како сиромав што очајно моли за она што му е потребно – и да се побара засолниште кај Аллах, бидејќи Тој е Совршен и Богат и може сè.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5978